Роденденот на Кики

На Кики и е роденден. Таа прави мала роденденска забава на која присуствуваат нејзини врсници. На роденденската забава играат различни игри, се забавуваат и на крајот се засладуваат со вкусна торта. Братот на Кики многу ја сака математикатата, особено дропките. Тој по роденденот и постави неколку задачи на Кики. Еве две од нив. Реши ги, забавни се.

1. Во една од игрите екипите требало да наполнат еден сад со вода. Екипата на братот изгубила затоа што не го дополниле садот. Тие во садот ставиле 8 чашки вода, но имало простор за уште 2 чашки. Колкав дел од садот наполнила екипата? (запиши ја дропката со зборови)

2. Тортата на Кики ја поделиле на онолку парчиња колку што имало присутни. Се изело $\frac{6}{8}$ од тортата .

Колку присутни имало на забавата?

Колку од присутните не јаделе торта?

Истражуваме

Што се случува кога го зголемуваш **броителот**?

Што се случува кога го зголемуваш **имениелот**?

Зададените задачи реши ги со помош на линкот кој ти е зададен во задачата. Овде имаш кратки инсрукции за полесно да разбереш како функционира симулацијата.



LIVEWORKSHEETS